CAM | CHAMBER OF ACCOUNTANT MACEDONIA

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
СКОПЈЕ

| Примено: | | |
|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог |
| | | 01-02-2010 |

**До: Министерство за финансии**
**ул. Даме Груев бр.12**
**1000 Скопје, Република Македонија**

**За: г. Драган Тевдовски, министер**

**Предмет: Коментар и Предлог кон Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност**

Почитуван г. Тевдовски,

Досегашната соработка се надеваме дека ќе ја продлабочиме во иднина.

Во оваа насока, а согласно објавениот Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност на ЕНЕР и можноста за доставување на коментари и предлози, Ве информираме дека истиот го разгледавме и во консултација со компаниите членови го истакнуваме нашето мислење.

Во процес кога се менува ова законско решение, сметаме дека е потребно да се предложат и останати промени кои ќе придонесат за развој на приватниот сектор. Имено, членовите 29 и 30 од Законот за данок на додадена вредност ги уредуваат даночните стапки за овој вид на данок и тоа член 30, став 1, ги уредува производите и услугите за кои се применува повластената даночна стапка од 5%. Предлагаме овој член да се измени и дополни со нова алинеја број 5, во став 2, од член 30, која ќе гласи: Сметководствени услуги.

Предлагаме за Прометот на сметководствените услуги да се примени повластена даночна стапка од 5% бидејќи сметаме дека истите се од исклучителна важност и со оваа промена суштински ќе се придонесе кон развој на оваа дејност преку олеснување на работењето со јавни давачки со пониски даночни стапки и помали трошоци. Со проширување на опсегот на примена на повластената даночна стапка со сметководствените услуги директно ќе се поттикне работењето на сметководствените компании кои претставуваат стручен и професионален кадар кој го води финансиското работење на целото стопанство. Изминатите години сметководствената дејност е во континуирано уназадување и е неопходно да се создадат подобри услови за негово функционирање. Покрај наведеното, со прифаќање на нашиот предлог ќе се овозможи и отворање на нови работни места и планирање на инвестиции за овие компании бидејќи ќе оперираат со пониски трошоци.

Веруваме дека разгледувањето и усвојувањето на посочениот предлог несомнено ќе допринесат кон создавање на подобра деловна клима која ќе овозможи економски развој, цел која е од интерес на сите страни во процесот на имплементирање на стратешки економски реформи.

За сите дополнителни информации, Ве молиме Вашите стручни служби да не контактираат на тел: 02 3091 440 или на е-маил: smetkovodstvena@sojuzkomori.org.mk.

Со почит,

Драган Митковски, Претседател
Комора на сметководители на Македонија